# ДОДАТОК XI

# ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „ФРЕШ ФАРМ“ ДОО увоз - извоз Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

# ДОДАТОК XI

## ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**СОДРЖИНА**

XI.1. Вовед ..... 3

XI.1.1. Инсталирање на 99,68 kW фотоволтаична централа за потребите на живинарската фарма ..... 3

XI.1.2. Инсталација на собирен сад за собирање на евентуални истекувања на дизел гориво од резервоарот во случај на инцидент ..... 4

XI.1.3. Подготовка и имплементација на Политика за заштита на животната средина ..... 4

XI.1.4. Воведување и имплементација на HACCP систем ..... 5

## XI.1. Вовед

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „Фреш Фарм“ Доо увоз – извоз Мршевци, Илинден е општествено одговорна компанија чија цел е да работи во насока на заштита на животната средина, безбедноста на работниците и околното население и да планира активности кои ќе ги унапредат нејзините еколошки перформанси.

Во насока на исполнување на горенаведените цели, подготвена е Програма за подобрување на животната средина која опфаќа активности со цел континуирано подобрување и унапредување на заштитата на животната средина.

*Табела 1 Програма за подобрување на животната средина*

| **Табела 1: Програма за подобрување на животната средина за Фреш Фарм** | |
|---|---|
| **Ред.бр.** | **Активност** |
| 1. | Инсталирање на 99,68 kW фотоволтаична централа за потребите на живинарската фарма |
| 2. | Инсталација на собирен сад за собирање на евентуални истекувања на дизел гориво од резервоарот во случај на инцидент |
| 3. | Подготовка и имплементација на Политика за заштита на животната средина |
| 4. | Воведување и имплементација на HACCP систем |

Краток опис на активностите, кои се дел од Програмата за подобрување на животната средина, целта и очекуваните придобивки од реализација на активностите се дадени во Табела 2.

*Табела 2 Опис на активности од Програма за подобрување на животната средина*

| **Ред. Бр.** | **Активност** |
|---|---|
| **1.** | **XI.1.1. Инсталирање на 99,68 kW фотоволтаична централа за потребите на живинарската фарма**<br>*Опис на активноста:*<br>Инсталација на фотоволтаична централа во рамките на Фреш Фарм, за покривање на сопствените потреби од електрична енергија добиена од обновлив ресурс.<br>*Цел на активноста:* |

| Ред. Бр. | Активност |
|---|---|
| | Искористување на енергија од обновливи извори како подобра алтернатива од конвенционалните извори во државата, како и намалување на трошоците за електрична енергија.<br>*Придобивка:*<br>Фреш Фарм ќе функционира независно од електроенергетскиот систем и ќе ја произведува потребната енергија за технолошкиот процес со значително намалени трошоци кои главно се однесуваат на минимално одржување на панелите.<br>***Период на реализација*** ***до 31.12.2027***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** **70.000 *Евра*** |
| **2.** | **XI.1.2. Инсталација на собирен сад за собирање на евентуални истекувања на дизел гориво од резервоарот во случај на инцидент**<br>*Опис на активноста:*<br>Подготовка на проектна документација за собирен сад за собирање на евентуални истекувања на дизел гориво од резервоарот при инцидентни ситуации. Набавка и инсталирање на бетонски (хидроизолиран) сад за зафаќање на евентуалното истекување на гориво под резервоарот за складирање на дизел, со систем за преточување на истекувањето.<br>*Цел на активноста:*<br>Да се спречи контаминација на почвата и подземните води во случај на несакани инцидентни истекувања на дизел гориво од резервоарот со гориво.<br>*Придобивка:*<br>Елиминирање на појавата на несакани емисии на загадувачки материи во почва и подземни води во рамки на живинарската фарма и во нејзината околина.<br>***Период на реализација*** ***до 31.12 2026 година***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** **5.000 *Евра*** |
| **3.** | **XI.1.3. Подготовка и имплементација на Политика за заштита на животната средина**<br>*Опис на активноста:*<br>Подготовка на Политика за заштита на животната средина и имплементација на активностите вклучени во неа, со постојано следење и ажурирање на истата. |

| Ред. Бр. | Активност |
|---|---|
| | *Цел на активноста:*<br>Воспоставување на рамка која Операторот како сопственик на општествено одговорна компанија, ќе ја следи стремејќи се кон исполнување на високи стандарди за заштитата на животната средина.<br>*Придобивка:*<br>Исполнети стандарди за високо ниво на грижа за животната средина кои вработените во континуитет ќе ги спроведуваат.<br>***Период на реализација*** ***до 31.12. 2024 година***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** **300 *Евра*** |
| 4. | **XI.1.4. Воведување и имплементација на HACCP систем**<br>*Опис на активноста:*<br>Воведување и имплементација на активностите од HACCP систем, со чија помош се врши идентификација, проценка и контрола на опасностите што се значајни за безбедноста на храната.<br>*Цел на активноста:*<br>Воспоставување на систем за обезбедување на целосна безбедност на готовиот производ (конзумно јајце) и постојана контрола на процесните параметри.<br>*Придобивка:*<br>Добивање на високо квалитетен готов производ.<br>***Период на реализација*** ***до 31.12. 2024 година***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** **8.000 *Евра*** |

Сумарно инвестициската табела за реализација на планираните инвестиции во програмата за подобрување е дадена во продолжение.

*Табела 3 Планирани подобрувања и финансиски средства за нивна реализација*

| Планирано подобрување | Финансиски средства (EUR) |
|---|---|
| Инсталирање на 99,68 kW фотоволтаична централа на магацинскиот простор на живинарската фарма | 70.000 |
| Инсталација на сад за собирање на инцидентни истекувања на дизел гориво од резервоарот | 5.000 |

| Планирано подобрување | Финансиски средства (EUR) |
|---|---|
| Подготовка и имплементација на Политика за заштита на животната средина | 300 |
| Воведување и имплементација на HACCP систем | 8.000 |
| **Вкупно** | **83.300** |